## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Петнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24 ноември 2006 година

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 15,33 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам службите да достават точен број на пратеници во салата.

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Петнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Јован Манасијевски, Јани Макрадули, Цветанка Иванова, Радмила Шекеринска, Игор Ивановски, Весна Бендевска, Влатко Серафимов, Никола Ќуркчиев, Даут Реџепи, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Ристо Пенов, Кенан Хасипи, Хади Незири, Абдулади Вејсели, Фиат Цаноски, Данаил Дончев и Љубчо Георгиевски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 67 пратеници, но само 55 притиснале на копчето.

Молам службите уште еднаш да направат проверка.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинставото пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Државната изборна комисија.

Оваа седница ја свикав заради разгледување на Предлогот на декларацијата за борба против насилството врз жените, вклучувајќи го и семејното насилство.

Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со верификација на мандатот на пратеник на Собранието на Република Македонија.

Предлогот за верификација Ви е доставен.

Го молам претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања да ја образложи итноста верификацијата на мандатот на пратеник во Собранието на Република Македонија да биде разгледана на оваа седница.

Има збор претседателот на Комисијата Светлана Јакимовска.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам претседателе.

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Предлагам согласно членот 66 од Деловникот на Собранието на Република Македонија дневниот ред на оваа Петнаесетта седница на Собранието да се дополни со точка верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија.

Ова од причина што во членот 16 од Деловникот на Собранието на Република Македонија е утврдено дека верификацијата на мандат на пратеници избрани на дополнителни избори или кои станале пратеници од листата на кандидати за остатокот од мандатот, Собранието ја врши на првата наредна седница врз основа на Извештајот на Државната изборна комисија а по предлог на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања.

Ние знаеме дека пратеник од Демократската партија на Албанците поднесе писмена оставка која што се потврди на Собранието, со оглед на тоа Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија одржа седница на 23 ноември 2006 година и го разгледа пристигнатиот Извештај на Државната изборна комисија за преземените работи согласно членот 153 од Изборниот законик број 10-1760/2 од 9 ноември 2006 година и токму врз основа на членот 66 од Деловникот му предлага на Собранието оваа седница да се прошири со точката верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Предлогот на Комисијата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, за гласале 68, воздржани и против нема.

Констатирам дека Предлогот на Комисијатае усвоен.

Предлагам дневниот ред на оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, за гласале 64, 1 воздржан, против нема.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија.

2. Предлог на декларација за борба против насилството врз жените, вклучувајќи го и семејното насилство.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 71 пратеник, за гласале 71, воздржани и против нема.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точка 1: - Верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија.**

Извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања, Ви е поделен.

Отворам претрес по Извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања.

Има збор претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања Светлана Јакимовска.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам претседателе.

Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија одржа седница на 23 ноември 2006 година на која што го разгледа разгледа Извештајот на Државната изборна комисија за преземените работи согласно членот 153 од Изборниот законик и врз основа на член 125 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, го поднесува следниот извештај.

Воведно образложение на седницата по Извештајот на Државната изборна комисија даде претседателот на ДИК господинот Јован Јосифовски. Комисијата, разгледувајќи го Извештајот на Државната изборна комисија за преземените работи согласно членот 153 од Изборниот законик, констатира дека се исполнети условите за примена на членот 153 од истиот. Комисијата констатира дека врз основа на Извештајот на ДИК нема основ за да се оспори верификацијата на мандатот на пратеникот.

Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања согласно членот 16 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, му предлага на Собранието на Република Македонија да го верифицира мандатот на избраниот пратеник од листата на кандидати за остатокот на мандатот, господинот Агим Рамадани од ДПА во Изборната единица број 6.

Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања во врска со поднесувањето оставка на пратеник, едногласно констатира дека е неопходно да му се укаже на Собранието на Република Македонија во иднина доследно да се почитува членот 65 од Уставот на Република Македонија и членот 53 од Деловникот на Собранието на Република Македонија односно пратеник оставката да ја поднесува лично на седницата на Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Нема)

Бидејќи, нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Го ставам на гласање Извештајот и Предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања за верификација на мандатот на пратеникот Агим Рамадани.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 71 пратеник, за гласале 71, воздржани и против нема.

Констатирам дека Извештајот и Предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања се усвоени и дека со тоа е извршена верификација на мандатот на пратеникот Агим Рамадани.

Му честитам на пратеникот Агим Рамадани за верификацијата.

**Минуваме на точка 2: - Предлог на декларација за борба против насилството врз жените, вклучувајќи го и семејното насилство.**

Предлогот на декларацијата Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на декларацијата.

Збор има Поповска Лилјана, повелете.

**Лилјана Поповска:** Почитуван господине претседател, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министре,

Чест ми е што денес во Македонското Собрание можам да го претставам текстот на декларацијата за борба против насилството врз жените, вклучувајќи го и семејното насилство. Ова го правам во име на Комисијата за еднакви можности, која што беше иницијатор за оваа декларација, меѓутоа, и од името на сите пратеници од практично сите пратенички групи кои што се придружија на оваа декларација. Во потписниците и предлагачите на оваа декларација се и жени и мажи и тоа е најдобар знак дека Македонското Собрание и македонското општество, навистина постигнало завиден напредок на овој пат.

Ова е прв пат во Македонското Собрание да се закажува специјална седница посветена на темата на насилството против жените, посебно на семејното насилство. Ова е за прв пат во Македонското Собрание да се носи декларација на оваа тема и за прв пат со еден толку широк консензус тоа да се прави.

Дозволете ми сосема накусо да ве информирам дека оваа декларација е резултат на вклучувањето на Македонското Собрание во пан европската кампања за борба против насилството на жените, вклучувајќи го и семејното насилство. Таа пан европска кампања започнува од денес па натаму. Денес 24 ноември е меѓународен ден за борба против насилството врз жените и токму затоа е лоциран како почеток на оваа кампања, која што ќе трае до следните две години.

Јас би сакала во оваа прилика да се заблагодарам и на делегацијата на Советот на Европа од претходниот мандат кои ја започнаа оваа активност, за да може да дојде до договор за ваква кампања, а и се заблагодарувам и на делегацијата во Советот на Европа од сегашниот мандат, кој што таа активност ја продолжува. Јас очекувам во текот на расправата да се вклучат и да го дадат својот придонес во неа. Би сакала, исто така, да им се заблагодарам и на сите пратеници кои се потпишаа, а и на сите оние кои изразија жалење што не се потпишаа а сакаа да ја поддржат со едно кратко објаснување дека времето на подготовка на декларацијата до

седницата беше навистина кусо и не се знаеше точно денот и часот на седницата. Гледате дека агендата е прилично набиена, меѓутоа, сето ова покажува дека ние навистина имаме еден завиден демократски дух со кој што можеме и ние нешто да му понудиме на светот. Значи, што се однесува до пан европската кампања, таа ги опфаќа националните парламенти во 46 земји членки, вклучително и со земјите кои што имаат придружен статус.

Денес беше сугерирано секој парламент на свој начин да го одбележи почетокот на кампањата со некакви парламентарни активности. Ние наидовме на разбирање од претседателот на Собранието и во оваа прилика сакам да му се заблагодариме на господинот Љубиша Георгиевски, кој што безрезервно ја поддржа идејата да се посвети посебна седница и посебна декларација на оваа тема. Затоа што, со предложената декларација се изразува политичкиот став на Собранието на Република Македонија за решавање на овој проблем кој не познава старосни граници, социјални групи, етничка припадност, ниту пак географски граници. За да се справиме со него борбата против насилството врз жените, мора да биде политички приоритет во активностите на сите политички субјекти на државно и на локално ниво, на невладиниот сектор и на целата јавност воопшто.

Сега дозволете ми, ќе ми биде навистина чест да го прочитам текстот на Декларацијата и да ве информирам дека овој текст го подготви работна група која ја предложивме на седница на Комисијата за еднакви можности на мажите и жените, во состав: госпоѓа Елмази Селмани, господин Александар Николовски, госпоѓа Цветанка Ивановска, Лилјана Поповска како претседател на Комисијата и госпоѓа Ленче Глигоровска, секретар на Комисијата. Во оваа работна група учествуваше и госпоѓа Даниела Димитриевска, извршната директорка на Канцеларијата на македонското женско лоби. Притоа вршевме консултации и со колешките Силвана Бонева и Ристана Лалчевска, за крајниот тек да биде во оваа форма во која го имате вие пред вас.

Сега дозволете ми сосема накусо да го кажам дека, врз основа на член 68 став 2 од Уставот на Република Македонија, а тргнувајќи од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија за еднаквост на граѓаните во слободите и правата, независно од полот, неприкосновеност на животот, на физичкиот и моралниот интегритет на човекот.

Земајки ги предвид одредбите за унапредување на статусот на жените во општеството содржани во националниот план за акција за еднакви можности на мажите и жените, истакнувајќи ги заложбите и мерките за ефикасна заштита на жените од дискриминација, содржани во Конвенцијата против сите форми на дискриминација врз жената, Европската конвенција против семејното насилство, документите на Советот на Европа и други меѓународни документи и конечно знаејќи дека насилството не познава географски граници, нема возрасна граница, ниту социјална и етничка припадност, а завлегува длабоко во приватната сфера и во севкупните општествени односи, Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 24 ноермври ја донесе следнава Декларација за борба против насилството врз жените, вклучувајќи го и семејното насилство.

Прво,Собранието на Република Македонија, безрезервно ги осудува сите форми на насилство врз жената, вклучувајки го и семејното насилство, обврзувајќи се дека борбата против нив ќе биде приоритет во политичкото дејствување со цел да се изгради поправично и поизбалансирано општество.

Второ, се вклучува во паневропската кампања на советот на Европа за борба против насилството врз жените и ќе помогне во нејзината имплементација, со сите парламентарни средства.

Трето, се залага за подигање на свеста на јавноста за проблемот на насилството врз жените, унапредување на законската регулатива во областите во кои се третира проблемот на насилството врз жените, целосно имплементирање и следење на примената на законската регулатива во оваа област, соработка со Владата на Република Маедонија, единиците на локалната самоуправа и невладините организации за доследно спроведување на законите и мерките на овој план, едукација на лицата од државните служби за справување со насилството врз жените, превентивно дејствување со помош на службите за социјална и здравствена заштита, образованието, полицијата и други, обезбедување на потребниот број прифатилишта за жртвите на семејното насилство со достојни услови за сместување и програми за ресоцијализација и рехабилитација, обезбедување посебна грижа за децата, жртви на семејното насилство, обезбедување неопходни буџетски средства за спроведување на активностите во борбата против насилството врз жените, вклучувајќи го и семејното насилство.

Почитувани колеги, како што гледате оваа Декларација има два аспекти.

Едниот аспект е вклучување во европските текови и во една сеевропска кампања, а другиот е свртување на вниманието на домашната јавност кон нашите проблеми поврзани со ова прашање, тоа значи со бројот на прифатилишта за жртви жени и деца, жртви на семејно насилство, за условите во тие прифатилишта, за програмите, за рехаблитација и ресоцијализација кои постојат, или нецелосно постојат, а се неопходни.

Ова се наши приоритети, домашни, македонски приоритети. Јас би ве замолила и во иднина сите да обрнеме внимание на овие прашања, во соработка и со Владата на Република Македонија и со невладиниот сектор, со експертите од оваа област, да донесеме дополнување и подобрување

на законската регулатива, да обезбедиме нејзина целосна и доследна примена и конечно да го унапредиме целото општество во поглед на овие прашања.

Во оваа прилика, јас ќе завршам со тоа што уште сакав да се заблагодарам на Одделението за рамноправност на половите при Министерството за труд и социјална политика што целосно ни излегоа во пресрет при подготовка и на оваа Декларација, но и при подготовка на сите нас за потребата на една ваква активност и секако на моите колешки и нашите колешки од македонското женско лоби што денес нивни претставнички се присутни на седницата на Собранието, кои сите овие години ја едуцираат јавноста и свртуваат внимание кон овие прашања.

Очекувам поддршка, меѓутоа очекувам пред се и плодна дискусија за овие проблеми, бидејќи мислам дека е добро јавноста која не следи, пошироко да биде запознаена со нив. Тоа е за наше добро. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор пратеникот Лалчевска Ристана.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе.

Дозволете ми и јас неколку збора да кажам за оваа Декларација, како еден од предлагачите.

Најпрвин би сакала да ги поздравам нашите гости на Галеријата, тоа се претставнички од невладиниот сектор кои секогаш се наша логистика, им благодарам за упорноста и поддршката која постојано ни ја даваат за унапредување на положбата на жената во нашето општество, во сите сегменти.

Сега би сакала да кажам, имајќи ги предвид темелните вредности на нашиот Устав, пред се имајќи предвид дека во Република Македонија, според статистиката, секоја трета жена е жртва на семејно насилство, јас давам и барам силна поддршка за оваа Декларација како еден импат во борбата против семејното насилство, а посебно спрема насилството кон жената.

Особено ми е чест што денес нашиот Парламент е дел од оние бројни парламенти кои на овој ден ќе дадат придонес во борбата против насилството врз жената.

Македонија како држава ја заокружи законската рамка за семејното насилство, меѓутоа тоа не е доволно. За да се елиминира ова зло, потребно е повеќе, со поголема сила и со поглема енергија сите институции на сите нивоа да се погрижат за имплементирање на оваа законска рамка и што е можно побрзо елиминирање на ваквата појава. Затоа особено давам поддршка на делот од Декларацијата со која се обврзувам јас како пратеник и ве молам сите денес кои сте присутни во овој Парламент да се обврземе дека ќе работиме на подигање на свеста на јавноста за проблемот на насилството врз жената, како еден многу потребен елемент, а посебно како пратеници ќе се залагаме за унапредување на законската рамка која ќе го стесни кругот, ќе ја стесни можноста за вршење на насилство врз жената, ќе ги елиминира сите можности да остане неказнето ваквото дејание.

Ви благодарам на вниманието и верувам дека сите од оваа сала ќе дадат поддршка во оваа наша борба. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор пратеникот Александар Николовски.

**Александар Николовски:** Почитуван претседателе, почитувани колешки и колеги пратеници.

Најпрвин дозволете ми да ја изразам поддршката на ВМРО-ДПМНЕ и на здружената коалиција-За подобра Македонија, на предложената Декларација. Смеам дека ова е еден убав почеток во она што ќе се вика сеопфатна, не само стратегија туку и борба за што поголеми резултати во сузбивање во семејното насилство и насилството врз жените.

Често велам дека идеалите го создаваат светот, односно дека идеалите не се остварливи, но дека луѓето кои се борат да ги остварат идеалите всушност го создаваат светот. Во таа насока, се надевам дека ова е еден од врвните идеали за кој ќе се заложиме не само тук како пратенички состав, не само во наредните четири години, туку воопшто како држава и дека ова ќе биде еден од идеалите зад кој застануваме. Во таа насока, јас би сакал и како претставник на една центар десна партија која особено ја цени еднаквоста помеѓу мажите и жените, која особено застанува зад правата и на мажите и на жените во семејството, да ја изразам сопствената поддршка.

Исто така од ова место би сакал да кажам дека, за жал, сеуште сме сведоци на семејно насилство и сеуште сме сведоци не само на насилство врз жените, туку и злоупотреба на жените и затоа треба сериозно да работиме во таа насока. За жал многу деца не можат да посетуваат основно и средно образование затоа што се жртви на семејно насилство или како резултат на тоа што нивните мајки се жртви на насилство. Во таа насока би сакал да ја претставам и да ја афирмирам иделата на Владата за поддршка на сите оние семејства кои ќе го стимулираат образованието на сопствените деца, односно кои ќе ги праќаат сопствените деца во основно, средно и високо образование преку давање на директна помош на тие семејства, што сметам дека е еден чекор понатаму.

Исто така би сакал да ги повикам претставничките на понежниот пол што подобро да се организираат во здружение на граѓани, во невладини организации кои ќе овозможат да имаме еден плурализам на идеи, на ставови и на концепти преку кои се надевам заеднички ќе успееме да постигнеме подобри резултати. Во тој правец би сакал и да го стмулираме тоа.

Дозволете ми на крајот да кажам дека проблемите се решаваат не со декларации туку со реална работа и да ве уверам дека овој пратенички состав, пред се зборувам за мнозинството, ќе го прави тоа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Благодарам претседтеле, дами и господа пратеници,

На почетокот сакам да ги поздравам нашите гости, претставници од македонското женско лоби, претставници на невладиниот сектор на жените кои сесрдно работеа на планот на афирмацијата на женските права во Република Македонија, какои во борбата против насилството врз жените, посебно темелното насилство. Токму од тој аспект сакам да ја изразам мојата поддршка и поддршката на пратеничката група на СДСМ, на Предлог-декларацијата во борбата против насилството врз жените, вклучувајќи го и семејното насилство.

Имајќи ги предвид и препораките што се дадени од Советот на Европа, имајќи ја предвид и реалноста која што е и во нашето општество, насилството врз жените претставува резултат на нееднаквоста на моќта помеѓу мажите и жените и води кон една сериозна дискриминација на женскиот пол. Исто така има дискриминација на жените врз основа на нивното потекло, како и често пати се жртви на традиционалните или обичајните практики што не се во согласност со човековите права и основните слободи на човекот. Исто така имајќи предвид и се поголемиот број на случаи за семејно насилство, беше потребно да изразиме јасен политички став, политичка волја на овој пратенички состав, за справување со ваквите негативни појави и навистина сето ова што се започна во минатиот парламентарен состав, со изменувањето на регулативата што се однесува на заштита на жените односно спречувањето на семејното насилство, во овој мандатен период навистина да го подобриме и да имаме поефикасни решенија за заштита на правата на жените и за заштита од наслство.

Имајќи го во предвид и Годишниот извештај за работа со жртвите на семејното насилство, имајќи ги во предвид и бројките кои се искажани во тој Извештај, говори дека и те како е потребна, не само декларација туку и голема работа и акција во овој правец, во овој парламентарен состав. Затоа го изразувам ставот на пратеничката група на СДСМ за поддршка на оваа декларација.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор Владанка Авировиќ:

**Владанка Авировиќ:** Благодарам претседателе.

Во името на Социјалистичката партија на Македонија, се придружуваме кон оваа декларација и како секретар на Активот на жените од Социјалистичката партија, во сите овие години можам да констатирам дека оваа борба на жените, пред се е особено тешка, бидејќи се работи за еден вид на насилство што не можеме да го согледаме. Тоа е многу суптилно. Исто така, жените не така лесно својот проблемо го кажуваат пред јавноста. Овој проблем во нашето општество е присутен, како што е присутен и секаде во светот, пред се од повеќе начини и методи со кои овие жени се загрозени. Меѓутоа за растот на насилието врз жената, особено е важно да имаме комплементарна борба и борба за спречување на алкохолизмот и борба на сиромаштијата. Сите овие борби заеднички ќе придонесат за зголемување на нашата борба за запирање на насилството врз жената што денес е се повеќе присутно.

Уште еднаш апелирам до сите да се вклучиме во борба и едногласно да ја усвоиме оваа декларација. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има Валентина Божиновска.

**Валентина Божиновска:** Благодарам претседателе.

Ова се теми кои навистина што по некаква логика се јавуваат сите претставници од партиите.

Јас како претседател на Унијата на жени на ВМРО-Народна партија изразувам признавање на оваа декларација. Апсолутно се согласуваме со европските конвенции, со она што е во национална стратегија на Европската унија и програмата која допрва следи на Комисијата за европски прашања, а која дефакто ја поддржа оваа декларација. Се разбира дека би била опскрбена оваа декларација доколку денес апсолутно не го поздравиме она што се случувашње во последните две години, а тоа е сериозната работа на СОЖМ, на Активот на жените, особено на Министерството за труд и социјална политика. Со госпоѓа Елена Грозданова работевме многу сериозно, многу програми направивме и во однос на законските регулативи и се разбира со македонското женско лоби, бидејќи сметам дека оваа декларација ќе беше многу посебична, до колку ја немавме.

Се разбира, она што е значајно во понатамошната работа, Министерството за труд и социјална политика што за жал е се со помалку фондови од овој тип, да си обезбеди фондови, тука ќе помогнат и странските амбасади, се разбира и невладиниот сектор, да овозможиме овие асоцијации да имаат што повеќе работа и програмски дел. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има госпоѓа Јагнула Куновска.

**Јагнула Куновска:** Благодарам.

Како предлагач на Предлогот на декларацијата за борбата против насилството на жените, редно е да кажам неколку зборови од свое лично име и од име на Партијата на НСДП. Притоа да кажам дека во нашата програма со посебна тема е опфатено ова прашање со тоа што, ние разработувајќи ги причините за ваквото насилство, семејно насилство врз жената, се знае, од страна на мажот, причината е економската зависност на жената во семејството, токму од мажот. Друга причина е алкохолизмот и несредените односи. Сето тоа би ја довело жената во подобра позиција, до колку таа се носи во некаква економска рамноправност со мажот. Затоа

нашата интенција е рамноправност во вработувањето на жената. До колку ние успееме до некаде да отпочнеме да спроведеме една рамноправност на ова поле, мислам дека насилството врз жената од страна на мажот, се разбира, ќе биде многу помало.

Ние како партија и јас лично ќе се заложам во иднина за решавање на економскиот проблем на жената, посебно на жената која не е заштитена, во смисла мајка, самохрана мајка и мајки кои се повеќедетни во семејството каде што има посебни проблеми, било да е мажот невработен, со мала плата, или алкохолизмот и некои слични други појави.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор заменик министерот за труд и социјална политика, господинот Ајдулан Мамудов.

**Ајдулан Мамудов:** Благодарам.

Почитуван претседателе на Собранието на Република Македонија, почитувани пратеници.

Имајќи во предвид дека државите имаат одговорност во почитувањето, заштитата и исполнувањето на човековите права на сите нејзини граѓани, мора да се преземат сите мерки да се превенираат, истражат и казнат сите форми на насилство врз жените, вклучувајќи го насилството во семејството и заедницата.

Во овој контекст би сакал во име на министерот за труд и социјална политика господинот Љупчо Мешков и во свое лично име да го поздравам предлогот на Декларацијата за порбата против насислството врз жените вклучувајќи го и насилството во семејството, и истовремено да го поддржам прифаќањето на истото од страна на пратениците во Собранието на Република Македонија.

Владата на Република Македонија , преку Министерството за труд и социјална политика исто така се вклучува во кампањата за борба против насилство вр жена, вклучувајќи го и насилството во семејството на Советот на Европа која започнува со одржување на конференција на високо ниво на 27 ноември во Мадрид.

На оваа конференција ќе учествува и претставник од Министерството за труд и социјална политика. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има Илинка Митрева, повелете.

**Илинка Митрева:** Благодарам претседателе,

Да кажаљм дека и Собранието на Република Македонија ќе има претставник на оваа Конференција која што ќе се одржи во Мадрид на 27 ноември идната недела каде што ќе ја претставиме и Декларацијата на ова наше Собрание зад кое што сите застануваме , со најдобри намери и желби да бидеме дел од оваа кампања на Советот на Европа, односно на парламентарното Собрание.

Дозволете ми сосема накусо да стартувам со еден цитат кој што се врзува за еден од високите комесари за човекови права кој за жал не е веќе жив, и често визија, од прилика се сублимира во овие зборови: -Човековите права претставуваат обезбедување на достоинство, еднаквост и сигурност за сите човечки суштества каде и да се, каде и да живеат. Овие три фундаментални концепции или поими се дел од нашата визија. Достоинството, еднаквоста и безбедноста бараат систем на правосудство кое ќе може да обезбеди одржување на овие вредности.

Дозволете ми денес да се осврнам сосема накусо на двата од овие три концепти. Еднаковста, што се разбира ќе продолжиме да ја обезбедуваме преку едукацијата, но и преку засиленото учество на жените во процесите на одлучување, или во политичките процеси. И вториот дел, безбедноста и сигурноста на жените ќе мора да се обезбеди со добра имплементација на оние закони кои ги имаме во Република Македонија. При тоа сакам да укажам дека не е доволно во Министерството за труд и социјална политика да се има само едно мало одделение кое ќе ја врши оваа благородна и сериозна дејност. Владата треба да размисли околу подигање на одделението, на ниво на сектор. Не сме толку богати за да размислуваме за формирање на ново министерство. Но, во секој случај да се даде една тежина на она што нашите колешки во ова Министерство го работат на планот на борбата против насилството.

Едновремено ја користам оваа прилика да ги поздравам нашите гостинки од СОЖМ и женското лоби со кои имав чест и задоволство да работам на обезбедување на женското учерство во сите процеси во државата, но и во издигнувањето на значењето на борбата против насилството, во изминатите десетина, петнаесет години.

Ја поздравувам иницијативата, Собранието да донесе ваква декларација и јас сум една од оние што и писмено дадоа сосгласност за еден ваков гест со големо политичко значење.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има Флора Кадриу.

**Флора Кадриу:** Благодарам господине претседателе.

Дозволете ми да ги поздравам гостите.

Истовремено, побарав збор за да изразам поддршка во името на ДПА, исто така и на Форумот на жени во оваа партија во однос на Декларацијата за борба против насилството на жените, вклучувајќи го и семејното насилство.

Имајќи го предвид тоа дека жените на овие простори кои имаат патријархарни и конзервативни традиции, секогаш имале еден тежок живот и врз нив се вртшело насилство. Токму оваа Декларација мислиме дека ќе овозможи сите да се бориме против насилството врз жните.

Истовремено ја користам и можноста да нагласам дека и во платформата и Програмата на ДПА, многу јасно е нагласено дека ДПА секогаш ќе се ангажира за еманципацијата на жените во овие простори, бидејќи без еманципирана жена не можеме да имаме еманципирано општество.

Токму поради тоа во целост ја поддржуваме оваа декларација.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има Оливер Шамбевски.

**Оливер Шамбевски:** Благодарам претседателе.

Во името на парламентарната делегација на Собранието на Република Македонија во Советот на Европа, чиј претседател сум, сакам да изразам огромно задоволство што и македонското Собрание на овој ден се вклучува во пан европскиот одговор на она што е глобален светски проблем, како што е насилството вр жената и семејното насилство. Ценам дека со овој гест македонското Собрание се вклучува рамноправно со сите други собранија во Европа, за подигање на свеста во борбата против овој проблем. Токму поради тоа сакам да искажам огромно задоволство и да се заблагодарам на изработувачите на овој текст, како и на целокупната македонска делегација во парламентарното Собрание на Европа кои дополнително се вклучија со свои потписи, како предлагачи на оваа декларација.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на декларацијата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 73 пратеници, за гласале 73, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Декларацијата за борба против насилството врз жените, вклучувајќи го и семејното насилство со што направи цивилизациски чекор напред. Благодарам.

Ја заклучувам 15-та седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 16,22 часот)